# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 210** **12 октомври 2019, сабота** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3288. | **Закон** за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за јавни финансии и конкурентност.................... | 2 |
| 3289. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод......... | 4 |
| 3290. | **Одлука** за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба...................................... | 4 |
| 3291. | **Одлука** за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба...................................... | 5 |
| 3292. | **Одлука** за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба...................................... | 5 |
| 3293. | **Одлука** за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба...................................... | 6 |
| 3294. | **Одлука** за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба...................................... | 6 |
| 3295. | **Одлука** за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања............................................ | 7 |
| 3296. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар - дел од зграда на Општина Пробиштип........................................ | 7 |
| 3297. | **Одлука** за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба...................................... | 8 |

Стр.

3298. **Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги БЕЛЛАНЦ ДОО увоз-извоз Кравари Битола........................................ 8
3299. **Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги СЕА ОФ ГРЕЕН ДООЕЛ експорт-импорт Добри Дол, Општина Врапчиште........................................ 8
3300. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2020 година........................................ 9
3301. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година................................................ 9
3302. **Одлука** за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука................................................. 9
3303. **Одлука** за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Факултетот за исламски науки - Скопје.............. 10
3304. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата.............. 10
3305. **Одлука** за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција.............. 10
3306. **Одлука** за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2020 година........................................ 11
3307. **Одлука** за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година.............. 11
**Огласен дел**...................................... 1-4

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3288.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ И КОНКУРЕНТНОСТ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за јавни финансии и конкурентност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 10 октомври 2019 година.

Бр. 08-5478/1
10 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ И КОНКУРЕНТНОСТ

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 125.000.000 евра, наменет за реализација на развојни политики за јавни финансии и конкурентност.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за развојни политики за јавни финансии и конкурентност, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од четири години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за фиксен распон.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот, Република Северна Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе и плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во износ од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Заемот ќе се отплаќа на 16 полугодишни рати секоја во износ од 6,25% од износот на заемот. Заемот ќе се отплаќа на 15 мај и 15 ноември секоја година.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за финансии.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## L I GJ
## PËR HUAMARRJE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT TE BANKA NDËRKOMBËTARE PËR RINDËRTIM DHE ZHVILLIM – BANKA BOTËRORE SIPAS MARRËVESHJES PËR HUA PËR POLITIKA ZHVILLIMORE PËR FINANCA PUBLIKE DHE KONKURRENCË

Neni 1

Republika e Maqedonisë së Veriut merr hua te Banka Ndërkombëtare për Rindërtim dhe Zhvillim – Banka Botërore në shumë prej 125.000.000 eurosh, të dedikuar për realizim të politikave zhvillimore për financave publike dhe konkurrencë.

Neni 2

Kushtet dhe mënyra e shfrytëzimit të huas nga neni 1 i këtij ligji, përcaktohen me Marrëveshje për hua për politika zhvillimore për financa publike dhe konkurrencë, që do të lidhet ndërmjet Republikë së Maqedonisë së Veriut dhe Bankës Ndërkombëtare për Rindërtim dhe Zhvillim – Bankës Botërore.

Në emër të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Marrëveshjen për hua nga paragrafi 1 i këtij neni do ta nënshkruajë ministri i Financave ose personi i autorizuar prej tij.

Neni 3

Afati për pagesën e huas nga neni 1 i këtij ligji është 12 vjet, me grejs periudhë të përfshirë prej katër vitesh.

Shkalla e kamatës është EURIBOR gjashtëmujor e zmadhuar për shtrirje fikse.

Në ditën e tërheqjes së mjeteve të huas, Republika e Maqedonisë së Veriut do t'i paguajë Bankës Ndërkombëtare për Rindërtim dhe Zhvillim – Bankës Botërore provizion të njëhershëm në shumë prej 0,25 % të shumës së huas.

Republika e Maqedonisë së Veriut do t'i paguajë Bankës Ndërkombëtare për Rindërtim dhe Zhvillim – Bankës Botërore provizion në shumë prej 0,25 % nga pjesa e patërhequr e huas në nivel vjetor.

Huaja do të paguhet në 16 këste gjysmëvjetore secila në shumë prej 6,25 % të shumës së huas. Huaja do të paguhet më 15 maj dhe 15 nëntor çdo vit.

Neni 4

Shfrytëzues i mjeteve të huas nga neni 1 i këtij ligji është Ministria e Financave.

Neni 5

Republika e Maqedonisë së Veriut huan nga neni 1 i këtij ligji do ta paguajë nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3289.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Државен завод за ревизија му престанува користењето на следните движни ствари:

| | Назив на движна ствар | Тип (модел) | Количина (парче) | Инвентарен број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Преносен компјутер | Lenovo SL500 | 3 | 1460,1461,1469 |
| 2. | Персонален компјутер | DELL Optiplex GX360 | 5 | 1730, 1731, 1732, 1734, 1735 |
| 3. | Монитор | DELL E170S | 5 | 1765, 1766, 1767, 1768, 1769 |
| 4. | Принтер | Xerox 3435 | 1 | 2002 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од ова одлука се дава на трајно користење без надоместок на Општина Македонски Брод.

Член 3

Главниот државен ревизор склучува договор со градоначалникот на Општина Македонски Брод со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од членот 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3508/1
8 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3290.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуалниот земјоделец АГРО-БО-ЕЛ Драги Александар Петров с.Драгобраште-Виница за земјоделско земјиште во вкупна површина од 53315м2, кое се наоѓа на КП бр.3950/1, место викано Спас, катастарска култура нива, катастарска класа 5, со површина од 26177м2 запишана во Имотен лист бр.180 за КО Драгобраште, КП бр.3950/2, место викано Спас, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 1158м2 запишана во Имотен лист бр.180 за КО Драгобраште и КП бр.3007, место викано Блатешница, катастарска култура нива, катастарска класа 4, со површина од 25980м2 запишана во Имотен лист бр.2143 за КО Блатец.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3578/1 / 8 октомври 2019 година / Скопје

Претседател на Владата на Република Северна Македонија, **Зоран Заев,** с.р.

**3291.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги ВИБАС ДООЕЛ Кочани за земјоделско земјиште, кое се наоѓа на КП бр. 67/1-дел, место викано Ждрапаница, катастарска култура нива, катастарска класа 1, со површина од 25810 м2, запишано во Имотен лист бр. 56 за КО Мојанци.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3580/1 / 8 октомври 2019 година / Скопје

Претседател на Владата на Република Северна Македонија, **Зоран Заев,** с.р.

**3292.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Агро - Пол Трајче Ване Јованов с. Горни Подлог за земјоделско земјиште со вкупна површина од 4ха 27ар 63м2, кое се наоѓа на КП бр.5645/1, место викано Слатина, катастарска култура оризова нива, катастарска класа 2, со површина од 19442м2 запишано во Имотен лист бр.14162 за КО Кочани; КП бр.5646, место викано Слатина, катастарска култура оризова нива, катастарска класа 4, со површина од 7430м2 запишано во Имотен лист бр.13606 за КО Кочани; КП бр.5652, место викано Слатина, катастарска култура оризова нива, катастарска класа 2, со површина од 4890м2 запишано во Имотен лист бр.13606 за КО Кочани и КП бр.5655, место викано Слатина, катастарска култура оризова нива, катастарска класа 2, со површина од 11001 м2 запишано во Имотен лист бр.13606 за КО Кочани.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-3584/1
8 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3293.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец БОБИ Венцо Витан Николовски с.Лески Виница за земјоделско земјиште со површина од 50000м2, кое се наоѓа на КПбр.5150/1-дел, место викано Поповец, катастарска култура оризова нива, катастарска класа 1, запишана во Имотен лист бр.84109 за КО Виница.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-3585/1
8 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3294.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец ВЕНЦО-ГИШ Глигорчо Драги Димитриев Кочани за земјоделско земјиште, кое се наоѓа на КП бр.7234/1-дел, место викано Лака, катастарска култура оризова нива, катастарска класа 1, со површина од 3ха 03ар 33м2, запишано во Имотен лист бр.14134 за КО Кочани.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3608/1 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3295.**

Врз основа на член 15 став (21) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДБИВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Со оваа одлука се одбива Иницијативата за започнување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на локалитетот “Лабуништа-Бороец“ Општина Струга, поднесена од Трговското друштво ЕРР-КОП ДООЕЛ с.Лабуништа Струга бр.24-2389/1 од 17.4.2019 година, бидејќи од единицата на локалната самоуправа на чија територија ќе се врши концесиската дејност – општина Струга е добиено негативно мислење бр.10-2138/2 од 28.5.2019 година и поради еколошки причини.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-5996/1 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3296.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР - ДЕЛ ОД ЗГРАДА НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Здравствен дом „Нада Михајлова“ Пробиштип му престанува користењето на недвижна ствар – дел од зграда, влез 1, која се наоѓа на улица „Ј. Спиров“ бр.55, Пробиштип, на КП бр. 1099/10, КО Пробиштип, запишана на Имотен лист бр.6, сопственост на Република Северна Македонија и тоа:

- подрум, намена на зграда и друг објект - В2-5, со површина од 651 м2, од вкупно 1146 м2;
- приземје, намена на зграда и друг објект - В2-5, со површина од 782 м2, од вкупно 2208 м2 и
- кат 1, намена на зграда и друг објект - В2-5, со површина од 693 м2 од вкупно 693 м2.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест, на Општина Пробиштип.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Јавната здравствена установа Здравствен дом „Нада Михајлова“ Пробиштип и Општина Пробиштип, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-6406/1 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

__________

**3297.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец АГРО-ДЕОС Ставре Ангел Јанев с.Грдовци, Кочани за земјоделско земјиште со вкупна површина од 40000 м2, кое се наоѓа на КП бр.459/2-дел, место викано Зрновско, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 20000 м2 запишана на Имотен лист бр.1375 за КО Грдовци и КП бр.3342-дел, место викано Утрина, катастарска култура нива, катастарска класа 2, со површина од 20000 м2 запишана во Имотен лист бр.180 за КО Грдовци.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-6680/1 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

__________

**3298.**

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ БЕЛЛАНЏ ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ КРАВАРИ БИТОЛА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги БЕЛЛАНЏ ДОО увоз-извоз Кравари Битола со број 19-213/6 од 4.9.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-6833/1 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

__________

**3299.**

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА, ТРАНСПОРТ И УСЛУГИ СЕА ОФ ГРЕЕН ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОБРИ ДОЛ, ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трго-

вија, транспорт и услуги СЕА ОФ ГРЕЕН ДООЕЛ експорт-импорт Добри Дол, Општина Врапчиште со број 19-546/5 од 4.9.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-6834/1 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3300.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ГОДИШНАТА ПРЕТПЛАТА НА СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ЗА 2020 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2020 година, бр.02-1969/1 од 20.9.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија – ц.о Скопје, на седницата одржана на 20.9.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-7301/1 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3301.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ГОДИШНАТА ПРЕТПЛАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОПИСИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година, бр.02-1970/1 од 20.9.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о.-Скопје, на седницата одржана на 20.9.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-7302/1 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3302.**

Врз основа на член 18 став (4) од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Член 1

Во Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр.168/2017), во членот 1, бројот „100“ се заменува со бројот „77“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-7171/1 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3303.**

Врз основа на член 7 од Законот за високообразовните установи на верските заедници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/08), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ЗА 2019 ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИСЛАМСКИ НАУКИ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Факултетот за исламски науки - Скопје му се доделуваат вкупно 2.000.000 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, раздел 16001, Програма 4, Потпрограма 47, ставка 464.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за реализирање на студиските програми за 2019 година кои не можат да се обезбедат во Буџетот на Факултетот за исламски науки – Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-7174/1
8 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3304.**

Врз основа на член 31-а од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИТЕ И ВРЕДНОСТА НА КОЕФИЦИЕНТОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДИРЕКТОРИТЕ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата бр. 53-11017/1 од 2.10.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-7479/1
2 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**3305.**

Врз основа на член 25 став (1) од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција изнесува 80,64 денари.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 221/18).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со исплатата на платата за месец септември 2019 година.

Бр. 45-7538/1
8 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3306.**

Врз основа на член 19, став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и член 21, став 2, алинеја 10 од Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20.9.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ГОДИШНАТА ПРЕТПЛАТА НА СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ЗА 2020 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува цената на годишната претплата за 2020 година на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 2

Цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2020 година, за домашни правни и физички лица се утврдува на 12.200,00 денари, со можност за плаќање на рати.

Член 3

Цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2020 година, за правни и физички лица со седиште или живеалиште во странство се утврдува на 395,00 EUR.

Член 4

Цената на претплатата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за пократок период од 12 месеци, се утврдува во износ од 1.200,00 денари на месечно ниво.

Член 5

Цената утврдена во член 2, 3 и 4 од оваа одлука е со пресметан данок на додадена вредност.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Северна Македонија, со примена од 1.1.2020 година.

Бр. 02-1969/1
20 септември 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Александар Поповски,** с.р.

**3307.**

Врз основа на член 19, став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и член 21, став 2, алинеја 10 од Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ГОДИШНАТА ПРЕТПЛАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОПИСИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува цената на годишната претплата за Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година, во издание на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. Скопје.

Член 2

Цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година за домашни правни и физички лица се утврдува на 4.000,00 денари, со можност за плаќање на рати.

Цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година за домашни правни и физички лица кои ќе се претплатат на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2020 година, изнесува 2.000,00 денари.

Член 3

Цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2020 година за правни и физички лица со седиште или живеалиште во странство се утврдува на 100,00 EUR.

Член 4

Цената утврдена од член 2 и 3 од оваа одлука е со пресметан данок на додадена вредност.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Северна Македонија, со примена од 1.1.2020 година.

Бр. 02-1970/1
20 септември 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Александар Поповски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622

2019210